Одговор:

Законот за работни односи и Законот за безбедност и здравје при работа се основата за регулирање на правата и обврските при повреда на работа. Во членовите 163 став 2 од Законот за служба во Армијата како и член 79 од Колективниот Договор на МО регулирано е дека за повреда при работа се исплаќа 100% од платата при користење на боледување.

Секторот за човечки ресурси во рамките на своите надлежности и овластувања на webportal на МО има објавено Информација за повреда на работа број 16/3-3608/1 од 08.06.2019 година, а истата е дистрибуирана и до сите ОЕ на МО заради запознавање на вработените, каде што е објаснета постапката за пополна и оверување на индивидуалниот извештај ЕТ-8 од страна на непосредно претпоставениот, пополнување на изјава од двајца сведоци и известување за несреќа на работа до Државниот инспекторат за труд во рок од 48 часа. Причината за спреченост на доаѓање на работното место го утврдува матичен или лекар специјалист.

Само доколку се почитува комплетната процедура при повреда на работното место се остваруваат правата согласно горенаведените членови од Законот за служба во Армијата и Колективниот договор.